# Независно оценување во рамките на новата меѓународна парадигма

*Подготвено од Стефан Џон*

# Квалификации и оценување–комплексен феномен

- Квалитет
- Обем на работа
- ниво
- Исход од учењето

# Цел на оценувањето

- Оценка на учениците и мерење на индивидуалните постигнувања
- Да се обезбеди повратна информација за учениците
- следење и одржување на стандардите
- Планирање на учењето
- Обезбедување информации за работодавците
- Доделување квалификации

# Принципи на оценувањето

Оценување на наученото во споредба со националните стандарди

За да бидат веродостојни, сите оценувања што придонесуваат за квалификации во ВБ мора да бидат:

- валидни
- сигурни
- спроведливи
- праведни и фер

# Валидно оценување

- Им овозможува на кандидатите да обезбедат доволно докази за резултатите што можат да се измерат според стандардите дефинирани во квалификацијата

- Им овозможува на кандидатите да обезбедат доволно докази за знаењето, разбирањето и вештините што се потребни за да се задоволат стандардите на квалификацијата

- Им овозможува на сите оценувачи да донесат сигурни одлуки во однос на оценувањето за сите кандидати

# Сигурно оценување

Одлуките при оценувањето се сигурни кога

- Се генерирани од валидни оценки што се добиени при услови на оценување што постојано се применуваат
- Се конзистентни кај сите оценувачи што вршат оценување во различни ситуации, контексти и со различни кандидати
- Се донесени врз основа на јасно дефинирани стандарди за постигнување
- Се оценува работата на кандидатите чија автентичност е потврдена
- Се доследни со тек на времето

# Инструменти за оценување

Инструментите за оценување мора:

- Да бидат соодветни за целта
- Да им овозможат на кандидатите да обезбедат доволно докази за вештините и знаењето прецизирани во квалификацијата и да осигураат адекватна покриеност на сите резултати
- Да генерира докази што можат да се измерат според стандардите прецизирани во квалификацијата
- Да им помогнат на сите оценувачи на сите кандидати да донесат сигурни одлуки при оценувањето кога се применува истата задача за оценка

# Инструменти за оценување

| | |
|---|---|
| Тестови со прашања | Задачи |
| Усни испитувања | Студии на случај |
| Дисертации | Експресивни активности |
| Прашања со заокружување | Практични вежби |
| Професионални дискусии | проекти |
| испрашување | Играње улоги |
| Техники за евалуација базирани на сопствено искуство | дневници |
| Лични интервјуа | симулации |

# Следење и независност

Се фокусира на:

- Валидноста на инструментите за оценување
- Сигурноста на одлуките при оценување
- Изводливоста на примена на инструменти за оценување
- Доследноста на квалитетот на оценувачките практики во центрите со тек на време

# Следење и меѓународна споредба

- Структура на наставниот тим за оценување
- Опис на физичката структура на училиштето
- Компетентност на персоналот
- Приправничка програма за оценувачите и договори за менторство
- Максимален сооднос на оценувачи и кандидати
- Стандардизација
- Распоред на забелешки на оценувачите
- Поддршка на кандидатите
- Постапка за утврдување на посебни потребни за оценување на кандидатите
- Аранжман за набљудување со еднакви можности

# Исход од учењето

Во фокусот на сите модерни квалификациите е **исходот од учењето.**

- Исход од учењето е изјава за тоа што се очекува од ученикот да знае, разбере и/или да може да демонстрира на крајот од периодот на учење.
- Всушност, таа илустративно покажува конкретен методолошки пристап за изразување и опис на наставната програма

# Исход од учењето

- Што ученикот:
  - знае
  - разбира
  - е способен да направи
- Однос со исходот од учењето – други елементи на концептот на квалификации?

# Европска квалификациска рамка

- Болоња и Копенхаген
- Фокус на квалификациите
- Упатување на исходите
- Институционална споредба

# Осум нивоа на ЕКР



# Фокус на исходот од учење



# Нова парадигма

# Економија на знаење

- *Економскиот успех сѐ повеќе се заснова на ефикасно користење на нематеријални средства како што се знаење, вештини и инвентивен потенцијал како клучен ресурс за конкуретна предност. Изразот „економија на знаење“ се користи за да се објасни оваа нова економска структура“ (Совет за економско и социјално истражување* (ЕСРЦ), 2005).

- Економија на знаење е израз што се користи во дискусиите во модерните економии. Иако тоа често се опишува како економско добро, ретко се гледа кај податоците за продуктивност. Сепак, од високото образование често се очекува да ја придвижува.



# Економија на знаење

- Во економијата на знаење, промените се толку брзи што работниците постојано мора да се стекнуваат со нови вештини.
- На бизнисот му се потребни работници кои се подготвени и способни да ги ажурираат нивните вештини во текот на целиот живот
- Земјите треба да одговорат на овие потреби со создавање на системи за образование и обука што ги оспособуваат луѓето со соодветни вештини.
- Важен чекор е да се утврди состојбата во земјата, особено во однос на другите земји.

(Светска банка)

# Вештини и квалитети што ги бараат работодавците

- Прилагодливост и флексибилност
- Аналитичка способност
- Разбирање на бизнисот/организацијата
- Комерцијална свесност
- Иницијатива
- Меѓучовечка чувствителност
- ИТ вештини
- Лидерски квалитети

# Вештини и квалитети што ги бараат работодавците

- Нумерички вештини
- Планирање и одредување приоритети
- Презентациски вештини
- Управување со проекти
- Самосвесност
- Автоучење
- Тимска работа
- Писмена комуникација

# Наставна програма и оценување

Наставната програма и оценувањето треба да помогнат при одговарање на следните прашања:

- Како ми оди?
- Кои се моите силни страни?
- Кои се моите цели?
- Што можам да направам подобро?
- Каква академска поддршка или вештини ми се потребни?
- Со кои вештини треба да се стекнам или да ги доусовршам?
- Кои дополнителни активности ќе ми помогнат за остварување на целите во кариерата?

# Стилови на предавање и учење

- Активности засновани на работа – групна работа – автоучење со поддршка
- Практична работа – игра со улоги – студии на случај
- презентации – договори за учење – интервјуа – планирање на постапки –
- Вежби за преговарање – вежби за носење одлуки
- Вежби за набљудување – вежби за истражување – вежби за трансфер на вештини
- симулации – вештини за решавање на проблеми

# Опкружување во кое се учи

- Училници
- Работно место
- Информатичка технологија
- Интернет
- Симулации

# Потреби на чинителите

- Ученици:

Добро искуство; потенцијал за кариера и заработка; врски со индустријата; престиж; најнови знаења; добра настава

- Работодавци:

Вештини; менаџери; лидери во индустријата; ефективен персонал; ажурирани вештини; конкуретна предност

- Академци

Престиж; признание; можности за истражување; најнови знаења

- Влада:

Економски напредок; престиж; добра вредност за вложеното; дознаки

# Меѓународно мерење на квалитет

Конкретно се мерат:

- Учењето на студентот;
- Искуството на студентот;
- Дестинациите на студентите;
- Вработливоста и статусот на вработеност;
- Влијанието врз индустријата и продуктивноста.

# Мерење на квалитет Нова парадигма

- Како да ги измериме новите начини на учење што не се традиционални, туку се базирани на технологија и мрежи?
- Како да ги измериме и осигураме вештините и компетенциите?
- Дали истражувањата, технологијата или пазарите го мотивираат квалитетот во образованието и како училиштата и универзитетите ја развиваат врската меѓу нив во институциите?
- Кој би требало да го мери квалитетот во образованието?
- Дали училиштата и универзитетите треба да ја следат индустријата или индустријата треба да ги следи училиштата и универзитетите во развојот на наставни програми и истражувањата?

# Глобализација

- Сега постои глобален пазар за повеќето добра и услуги;
- Затоа постои пазар за бизнисите што ги нудат овие добра и услуги;
- Затоа постои пазар за луѓето со компетенции што се движечка сила на овие бизниси и ја зголемуваат конкуретноста;
- Затоа постои пазар за знаењето и вештините што ги поткрепуваат овие компетенции.

- *Затоа училиштата и универзитетите и другите образовни институции се на овој пазар и мора да имаат интеракција со барањата за знаења и вештини.*

# Прашања за квалитетот на оценувањето

- Што сакате да направите? → ЦЕЛ
- Зошто го правите тоа? → ПРИЧИНА
- Како ќе го направите тоа? → МЕТОД
- Зошто тоа е најдобриот начин? → ОПТИМИЗАЦИЈА
- Како знаете дека функционира? → ЕФЕКТИВНОСТ
- Како може да го подобрите? → ПОДОБРУВАЊЕ

- ВИ БЛАГОДАРАМ